Република Северна Македонија
Министерство за спорт

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Sportit

Арх. Бр. 08 – 272/11
Скопје, 04-05-2026

**ОБРАЗЛОЖЕНА ОДЛУКА**
**на**
**КОМИСИЈАТА ЗА СОСЛУШУВАЊЕ И ИЗРЕКУВАЊЕ САНКЦИИ**
**ПОРАДИ КРШЕЊЕ НА ПРАВИЛАТА НА АНТИ-ДОПИНГОТ**

**Број: 08 – 272 /11 од 04-05-2026 2026 година**

**Скопје**

**Членови на комисијата:**

1. Радован Шанцлиќ- правник, Претседател
2. Весна Николовска- поранешна спортистка-спортски работник, Член
3. Круме Јаќовски- доктор, Член

**Обвинет спортист:**

Мирко Лазарески од Скопје, роден на ден 31.07.2003 година, спортист во алпско скијање и член на националниот тим во скијање.

1.1 Ова е конечна Одлука на Комисијата за сослушување и изрекување санкции поради кршење на правилата на анти-допингот за спортистот Мирко Лазарески во врска со стореното прекршување на анти-допинг правилата, а во согласност со Анти-допинг правилата на Македонската НАДО, односно, Светскиот анти-допинг код (Кодот).

1.2 Национална спортска федерација која го води алпското скијање во Република Северна Македонија е Скијачката федерација на Македонија.

1.3 Национална анти-допинг организација на Македонија е Националната Анти-Допинг Комисија при Министерството за спорт (Комисијата).

1.4 Спортистот е 22 годишен скијач во дисциплината алпско скијање, член на националниот тим во скијање и во смисла на постапување поврзано со борбата против допингот во спортот е во надлежност на Комисијата. Врз основа на Анти-допинг правилата, Комисијата е овластена да врши допинг контроли и менаџирање со евентуални прекршувања на анти-допинг правилата во однос на сите спортисти кои се во надлежност на истата.

**Редослед на настаните**

1. Допинг контролата е направена е на ден 21.01.2026 година надвор од натпревар, во својство на кандидат за учество на претстојните Зимски Олимписки Игри во Милано - Кортина, Република Италија.
2. Земените примероци од урина се испратени на анализа во лабораторијата во Сајберсдорф, Австрија – акредитирана од страна на Светската Анти Допинг Агенција ВАДА (Лабораторијата).
3. Резултатот од анализата, 26JOB00196-1 од 30.01.2026 година, покажа присуство на супстанција која се наоѓа на Листата на забранети супстанци за 2026 година објавена од страна на ВАДА (Листата) во примерокот од урина со кодиран број: 8345968 А.

Идентификуваната супстанца во примерокот, е - Stanozolol – супстанца од групата S1.1. Анаболни Андрогени Стероиди односно S1.1. ANABOLIC ANDROGENIC STEROIDS (AAS)- non-Specified Substances; и во примерокот е утврдено присуство Stanozolol 1′N glucuronide, 17-epistanozolol-1′N-glucuronide, and 3'-Hydroxy-stanozolol glucuronide (метаболити на stanozolol). – неспецифични супстанци на ВАДА Листата на забранети супстанци за 2026 година.

4. Неповолниот наод од анализата беше прегледан од страна на НАДКМ (НАДО МКД), при што не беа идентификувани никакви отстапувања од меѓународните стандарди за лаборатории и меѓународните стандарди за тестирање и истраги.
5. Спортистот не поседува дозвола за терапевтска употреба (ДТУ) за користење на идентификуваните забранети супстанци.

**Процедурални активности**

1. Веднаш по добивањето на Извештајот од страна на односната лабораторија на 30.01.2026 година, спортистот беше информиран за неповолниот наод од анализата на неговиот А примерок и за неговите права да бара анализа на Б примерокот.
2. Спортистот на ден 03.02.2026 година, преку писмена изјава, изјави дека го прифаќа резултатот од анализата на А примерокот и дека нема да бара да се прави анализа на примерокот Б, воедно достави и изјава со која бара да има сослушување пред Комисијата за сослушување на НАДО МКД.
3. НАДО МКД ја спроведе постапката донесувајќи Одлука за привремена суспензија под број 08-272/2 од 03.02.2026 година, за спортистот, Скијачка федерација на Македонија и Олимписки комитет на Северна Македонија и Известување за покренување на постапка за утврдување и прекршување на антидопинг правилата под број 08-272/6 од 10.02.2026 година за спортистот, Скијачка федерација на Македонија и Олимписки комитет на Северна Македонија, според кои на спортистот, поради позитивен допинг резултат од анализата на А примерокот за Неповолниот Аналитички Наод, спортистот беше времено суспендиран, во согласност со член 2.1 од Анти допинг правилата на Македонската НАДО и член 2.1.2 од Светскиот анти-допинг код.
4. Воедно до спортистот беше доставен Договор во процесот на управување со резултати за едногодишно намалување на утврдениот период на забрана за учество во спортот, врз основа на рано признавање и прифаќање на санкцијата бр. 08-272/7 од 10.02.2026 година, кој што не беше потпишан од страна на спортистот.
5. На ден 05.02.2026 година спортистот достави Писмена изјава заверена под број 08-272/5, со која се произнесува по однос на прекршувањето на анти-допинг правилата. Во изјавата се наведува дека со алпско скијање активно се занимава повеќе од 12 години и моментално е национален шампион и повеќегодишен член на националниот тим во скијање. Во последните седум години се занимавал професионално, со учество на бројни меѓународни ФИС натпревари и светски првенства. Во текот на овој период бил целосно посветен на спортот со секојдневни тренинзи и дисциплиниран начин на живот. Изјави дека не консумира алкохол, не пуши, не користи дроги и немал животен стил со ноќни излегувања односно целиот живот го подредил на спортот. По однос на позитивниот тест изјави дека никогаш не користел допинг средства со цел да постигне спортски успех ниту пак некогаш користел или дошол во контакт со недозволени супстанци. Неговата физичка форма и резултати не покажувале брзи или невообичаени подобрувања и дека не е спортист од светски карактер кој би имал мотив за користење допинг. Нормата за учество на олимписките игри ја обезбедил во април 2025 година, кога бил квалификуван, а резултатите ми биле стабилни и очекувани. Наведено е дека во текот на тренажниот процес, како и за време на натпреварите во подолг временски период наназад, конусмирал повеќе суплементи, чија интенција била да се подготви неговото тело за напорните тренинзи и натпревари за да се опорави и побрзо регенерира. Сите суплементи биле набавени во легални и официјални продавници со деклариран составна суплементот, а воедно сите суплементи биле пријавени во формуларот за допинг контрола (DCF). Беше истакнато дека планира да направи лабораториска анализа на истите. Понатака беше истакнато дека ова било негов прв допинг тест, а претходно немал формална едукација за анти-допинг и не посетувал курсеви. Децидно беше истакното дека никогаш не земал нешто со непозната содржина ниту бил присилен на тоа. Претпоставува дека недозволената супстанца потекнува од некој од суплементите на начин што не била декларирана на производот или пак при производство дошло до контаминација и дека не

бил свесен за внесување на недозволена супстанца.

6. На ден 18.03.2026 година од страна на неговиот правен застапник - полномошник на спортистот беше доставен Извештај од Универзитетот во Белград - Институт за хемија, технологија и металургија - Национален институт на Република Србија - Оддел за хемија - Лабораторија за испитување – Рапорт под бр. 08/04/en, од 17.03.2026 година од каде што може да се утврди дека во тестираните примероци од суплементите кои што ги користел спортистот не може да се утврди присуство на Stanozolol ниту пак негови метаболити.
7. На ден 27.03.2026 година се одржа сослушување пред Комисијата во присуство на членовите на Комисијата, спортистот и неговиот правен зстапник - полномошник адвокат Иво Савиќ од Скопје, каде што спортистот уште еднаш ги потврди своите наводи дадени во писмената изјава од 05.02.2026 година и уште еднаш устно ги презентираше резултатите од испитувањето на суплементите и иако резултатите не покажаа контаминираност на суплементите, сепак спортистот е дециден на ставот дека нема друг начин на кој што забранетата супстанција е навлезена во неговото тело, односно тој не бил свесен дека постои друг начин на внес. Побара од комисијата да има предвид дека станува збор за прв прекршок и дека изразува огромно каење.

**Докази**

Доказите презентирани од страна на Националната Анти Допинг Комисија (НАДК) во овој случај се состојат од:

1. Деталите за процесот на допинг контролата;
2. Формуларот за допинг контрола, на кој се наоѓаат податоците за спортистот – име и презиме, дата на раѓање, телефонски број, е-меил адреса, адреса на живеење, спорт, бројот на примерокот, декларираните суплементи од спортистот;
3. Извештајот од Лабораторијата за наодот од анализата на А примерокот со називот на супстанцата која е најдена во примерокот 26JOB00196-1;
4. Формуларот за чување и транспорт на примерокот на анализа во Лабораторијата.

Доказите презентирани од страна на спортистот во овој случај се состојат од:

1. Извештај (резултати) од Универзитетот во Белград - Институт за хемија, технологија и металургија - Национален институт на Република Србија - Оддел за хемија - Лабораторија за испитување бр. 08/04en, од 17.03.2026 година

**Наоди**

Во примерокот А е констатирано присуство на супстанца идентификувана како:

**- Stanozolol – супстанца од групата S1.1. Анаболни Андрогени Стероиди односно S1.1. ANABOLIC ANDROGENIC STEROIDS (AAS)- non-Specified Substances; со утврдено присуство Stanozolol 1΄N glucuronide, 17-epistanozolol-1΄N-glucuronide, and 3'-Hydroxy-stanozolol glucuronide (метаболити на stanozolol)** на Забранетата листа на ВАДА за 2026 година.

Супстанцата идентификувана во примерокот А содржана во Извештајот од Лабораторијата, не беше оспорена од спортистот односно не беше побарано испитување на примерокот Б.

Ова претставува прекршување на член 2.1 од Анти Допинг Правилникот на НАДО МКД, кој е усогласен со меѓународните стандарди на Светскиот Анти Допинг Код.

**Докази и аргументи за санкционирањето**

1. Принципот на строга обврска според член 2.1 од Кодот:

„Присуството на забранета супстанција или нејзини метаболити или маркери во примерокот од спортистот се:

2.1.1. лична обврска е на спортистите да се осигураат дека ниту една забранета супстанца не влегува во нивните тела. Спортистите се одговорни ако кај нивните примероци се најде забранета супстанца и нејзините метаболити или маркери. Според тоа, не е потребно да се докажува намерата, грешката, невниманието или свесното користење од страна на спортистот за да се утврди постоењето на прекршување на анти-допинг правилото според член 2.1.

2. Наод од Лабораторијата.

**Причини и услови за елиминирање/намалување на периодот на неподобност (суспензија)**

Според член 10.2.1 од Светскиот антидопинг код, кога прекршувањето на антидопинг правило вклучува неспецифицирана супстанца, периодот на неподобност ќе биде четири (4) години, освен ако спортистот не утврди дека прекршувањето на антидопинг правилото не било намерно. Намерата постои кога спортист свесно ќе изврши прекршување на антидопинг правило или свесно ќе го занемари ризикот од прекршување на антидопинг правило. Во зависност од околностите на конкретниот случај, другите одредби од член 10 од Светскиот антидопинг код, исто така, можат да имаат влијание врз одредувањето на периодот на неподобност.

Согласно член 10.2 од Кодот, периодот на неподобност, кој се наметнува за повреда на член 2.1, ќе биде 4 (четири) години во случаеви кога:
10.2.1.1 Прекршување на анти-допинг правило не вклучува специфични супстанци, освен ако спортистот или друго лице не може да утврди дека повредата на анти-допинг правилото не била намерна.

Врз основа на фактите наведени подолу, спортистот не успеа да докаже дека немало намера за сторување на прекршокот и не докажа дека суплементите биле контаминирани како би се докажало отсуството на намера за прекршување на анти-допинг правилата. Дефиницијата за „намерна" вклучува знаење дека однесувањето претставува повреда на анти-допинг правилата или постоење на значителен ризик за такво прекршување, кое спортистот очигледно го игнорирал (10.2.3 како што е употребен во Членот 10.2, терминот „намерна" е наменет да ги идентификува оние спортисти или други лица кои се занимаваат со однесување за кои знаеле дека претставува повреда на анти-допинг правилата **или знаеле дека постои значителен ризик дека таквото однесување може да претставува или да резултира во повреда на анти-допинг правило и очигледно не го почитувал тој ризик**).

Според членовите 10.2, 10.2.3 и 10.3, терминот "намерно" се користи да се идентификуваат оние спортисти кои мамеле. Терминот, според тоа, бара спортистот или другото лице да се вклучени во однесување кое тој или таа знаеле дека претставува прекршување на анти-допинг правилото или знаеле дека постои значителен ризик дека однесувањето би можело да претставува или да резултира во анти-допинг прекршок и очигледно го занемарувале тој ризик. Прекршокот на Анти-Допинг Правилото кое резултира од неповолниот аналитички наод за супстанција која е забранета само во натпреварите се претпоставува дека е "намерно" ако супстанцијата е специфична супстанца и ако спортистот успее да докаже дека таа супстанца ја користел надвор од натпреварите. Прекршокот на Анти-Допинг Правилото кое резултира од неповолниот аналитички наод за супстанца која е забранета само на натпревар, нема да се смета за "намерно" ако супстанцата не е специфична супстанца и ако спортистот успее да докаже дека таа супстанца се користи надвор од- натпреварите во контекст неповрзан со спортските перформанси.
Имајќи предвид дека спортистот користел 11 суплементи, може да се смета дека спортистот го занемарил значителниот ризик од можност за повреда на правилата односно ризик од сторување на анти-допинг прекршок и очигледно го занемарувал тој ризик.
Комисијата ги имаше предвид наводите на спортистот изнесени во писмената и устната изјава со акцентирање на примената на олеснителните околности, но најде во конкретниот случај не се применливи, а воедно и околноста дека на спортистот му е ова прв прекршок не беше основ за поинакво одлучување.

**Одлука за санкцијата**

На ден 21.01.2026 година, спортистот Мирко Лазарески изврши прекршување на анти-допинг правилата со наод – присуството на следната супстанца во неговиот примерокот од урина:
- Stanozolol – супстанца од групата S1.1. Анаболни Андрогени Стероиди односно S1.1. ANABOLIC ANDROGENIC STEROIDS (AAS)- non-Specified Substances; со утврдено присуство Stanozolol 1′N glucuronide, 17-epistanozolol-1′N-glucuronide, and 3′-Hydroxy-stanozolol glucuronide (метаболити на stanozolol) на Забранетата листа на ВАДА за 2026 година.

Министерство за спорт Ул.Македонија бр.38, Палата „Панко Брашнаров" 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Ministria e sportit Rr.Maqedonia nr.38, Pallati „Panko Brashnarov 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Тел/Tel.+389 (0) 2 3119-628 Email: web: www.ms.gov.mk

Се изрекува санкција за прекршувањето на оваа анти-допинг правило, согласно член 10.2, од Анти-допинг правилата на Македонската НАДО и Светскиот Анти Допинг Код – **неподобност/суспензија во период од 4 години почнувајки на 30.01.2026 година и завршувајки (вклучително и) 29.01.2030 година.**

За време на периодот на неподобност, во согласност со член 10.14, од Анти-допинг правилата на Македонската НАДО, на спортистот не му е дозволено да учествува во било кој капацитет и степен на натпреварувањата или друга активност (освен овластени програми за анти-допинг едукации или програми за рехабилитација) организирани, свикани или овластени од:
Скијачката федерација на Македонија или од кој било орган каде е член или е поврзан или лиценциран од Скијачката федерација на Македонија.
Кое било професионално натпреварување или некоја меѓународна или национална организација за организирање на настани.

**Почеток на суспензијата е од 30.01.2026 година заклучно до 29.01.2030 година.**

**Одлуката да се испрати до: Спортистот, Клубот на спортистот, Скијачка федерација на Македонија (СФМ), МЕЃУНАРОДНА СКИЈАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА (FIS), Олимписки комитет на Северна Македонија, Светската Анти Допинг Агенција (ВАДА).**

**Право на жалба**

Одлуката на Комисијата за сослушување може да биде обжалена до Арбитражниот суд за спорт во Лозана - https://www.tas-cas.org/ од страна на: Спортистот, Меѓународната скијачка федерација (FIS), Меѓународниот олимписки комитет (IOC) и ВАДА, во согласност со член 13.2.3 од Анти-допинг правилата на Македонската НАДО во рок од 21 ден од денот на приемот на одлуката.

1. Претседател, Радован Шанцлиќ, правник ……………………………….
2. Член, Весна Николовска, поранешна спортистка и спортски работник,……………………………
3. Член, Круме Јаќовски, доктор,……………………………………………………………………

*Скопје, 29.04.2026 година*